**20242524433**

## КОМИСИЈА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 427 став (1) и член 438 алинеја 9), а во врска со член 185 став (6) и член 187 став (3) од Законот за финансиски инструменти (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 66/2024), Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија на седницата одржана на ден 29.11.2024 година го донесе следниот

# ПРАВИЛНИК[1] ЗА НАЧИНОТ НА РАБОТА И ОРГАНИЗАЦИСКИТЕ БАРАЊА ЗА ПАЗАРНИОТ ОПЕРАТОР И ЗА ОПЕРАТОР НА МУЛТИЛАТЕРАЛНА ПЛАТФОРМА ЗА ТРГУВАЊЕ ИЛИ ОРГАНИЗИРАНА ПЛАТФОРМА ЗА ТРГУВАЊЕ

### Предмет на уредување

Член 1

(1) Со Правилникот за начинот на работа и организациските барања за пазарниот оператор и за оператор на мултилатерална платформа за тргување или организирана платформа за тргување (во понатамошниот текст: Правилник) се уредуваат:

а) начинот на работа на пазарниот оператор;

б) организациските барања за пазарниот оператор;

в) барањата за отпорност и капацитет на системот за тргување на пазарниот оператор.

(2) Овој Правилник соодветно се однесува и за оператор на МПТ и ОПТ.

## I. Организациски барања

### I.1. Општи организациски барања

Член 2

(1) Пазарниот оператор е должен во секој момент да ги исполнува организациските барања од член 185 од Законот за финансиски инструменти (во понатамошниот текст: Законот) и овој Правилник, земајќи ги предвид видот, обемот и сложеноста на работењето.

(2) Пазарниот оператор е должен:

а) да пропише мерки кои јасно ги идентификуваат и надминуваат потенцијалните негативни последици на работењето на регулираниот пазар или неговите членки/учесници од судирот на интереси помеѓу интересите на регулираниот пазар и/или неговите акционери и/или членките на пазарниот оператор и/или издавачите и уредното функционирање на регулираниот пазар;

---

[1] Со овој Правилник се врши усогласување со/Me këtë Rregullore kryhet harmonizim me:

- Делегираната уредба 2017/566 на Комисијата од 18 мај 2016 година за дополнување на Директивата 2014/65/ЕУ за пазарите на финансиски инструменти во поглед на регулаторните технички стандарди за соодносот на неизвршените налози и трансакции заради спречување неуредни услови на тргување;
- Делегираната уредба 2017/584 на Комисијата од 14 јули 2016 година за дополнување на Директивата 2014/65/ЕУ во поглед на регулаторните технички стандарди со кои се утврдуваат организациските барања за местата на тргување

б) да биде соодветно опремен за управување со ризиците на кои е изложен, за спроведување на соодветни мерки и системи за утврдување на сите значајни ризици во деловното работење и за воспоставување на ефективни мерки за минимизирање на тие ризици;

в) да пропише мерки за правилно управување со операциите на системот на пазарниот оператор во техничка смисла, вклучително и воспоставување на ефективни безбедносни мерки за можни нарушувања во системот;

г) да пропише транспарентни и недискрециони правила и процедури кои овозможуваат правилно и уредно тргување и воспоставуваат објективни критериуми за ефективно извршување на налозите;

д) да воспостави ефективни мерки кои овозможуваат непречено и навремено склучување на трансакциите кои се извршуваат во рамки на системите на пазарниот оператор;

ѓ) да поседува при издавањето на одобрението за работа и во континуитет, доволно финансиски средства кои ќе го овозможат уредното функционирање, притоа земајќи ги предвид видот и обемот на склучените трансакции на пазарот и опсегот и степенот на ризици на кои е изложен;

е) да воспостави механизми со кои се обезбедува исполнување на стандардите за квалитет на податоците согласно член 238 од Законот.

(3) Пазарниот оператор не смее да извршува налози на клиенти користејќи го сопствениот капитал, ниту пак може да тргува со финансиски инструменти освен со државни хартии од вредност и високоликвидни финансиски инструменти кои се карактеризираат со низок кредитен и пазарен ризик заради одржување на износот на сопствени средства согласно член 175 од Законот.

(4) Пазарниот оператор е должен уредно да ја води и чува соодветната евиденција и документација за внатрешната организација и работењето согласно член 13 од овој Правилник.

(5) Пазарниот оператор е должен во своето работење да го применува кодексот за корпоративно управување.

## I.2. Кадровска, просторна и техничка оспособеност

### Кадровска оспособеност

Член 3

(1) Пазарниот оператор е должен да има вработено доволен број лица кои ги имаат потребните вештини за управување со неговите системи за тргување и доволно ниво на знаење за:

а) релевантните системи за тргување;

б) следење и тестирање на тие системи;

в) видови на тргување кое го вршат членките/учесниците или клиентите на регулираниот пазар и

г) законските обврски кои се однесуваат на системите за тргување на регулираниот пазар.

(2) Пазарниот оператор ги дефинира потребните вештини кои треба да ги имаат лицата од став (1) на овој член.

(3) Лицата од став (1) на овој член ги поседуваат потребните вештини во моментот на вработување или ги стекнуваат со обука по постапката за вработување.

(4) Обуката на лицата од став (3) на овој член се прилагодува на искуството и одговорностите на тие лица, имајќи ја предвид природата и сложеноста на нивните активности.

**Потребен износ на финансиски ресурси**

Член 4

Пазарниот оператор е должен во секој момент да располага со доволно финансиски средства согласно член 175 од Законот, со цел да обезбеди уредно функционирање на регулираниот пазар.

**Деловен простор**

Член 5

(1) Пазарниот оператор е должен да обезбеди соодветни деловни простории за вршење на работите од одобрението за работа.

(2) Пазарниот оператор е должен да обезбеди физичка и техничка заштита на просториите, опремата и документацијата, како и заштита од пожар и поплави.

**Информациони системи**

Член 6

(1) Информациониот систем на пазарниот оператор мора да биде соодветен во однос на обемот и сложеноста на работењето кое го врши пазарниот оператор во согласност со прописите.

(2) Пазарниот оператор е должен да обезбеди ефикасен надзор и заштита на информациониот систем, кој мора да обезбеди безбедност, целосност и доверливост на податоците, а особено е должен да обезбеди:

а) заштита на хардверот и софтверот од неовластен пристап до податоците, контрола на пристап преку доделување на овластување и авторизација на корисникот;

б) соодветна обука на вработените во врска со користење на тој систем и постапките за негова заштита;

в) секое лице кое има пристап до работната станица да има посебно корисничко име и лозинка и пристап само до функциите кои се неопходни за извршување на неговата работа, при што едно корисничко име и лозинка може да се користи само од тоа лице;

д) во базата на податоци да се внесуваат само податоците кои се одобрени и во информациониот систем да се внесени сите податоци чиј внес е одобрен, на начин пропишан со актите на пазарниот оператор;

ѓ) редовно да се врши проверка на точноста на внесените податоци.

(3) Изводите од информациониот систем на пазарниот оператор мора да содржат датум и време на составување и потпис на овластеното лице.

**Мерки за обезбедување на континуитет во работењето**

Член 7

(1) Пазарниот оператор е должен да усвои, применува и редовно да ажурира мерки кои обезбедуваат континуитет во работењето на информациониот систем, а особено:

а) заштита на системот со хардверски и софтверски решенија, сигурни системи за непрекинато напојување, резервни телекомуникациски врски и уреди;

б) доверливост на информациониот систем со составување на најмалку две копии од податоците на крајот на секој работен ден, при што една копија се чува во службените простории, а друга копија се чува на резервна локација во физичка или електронска форма;

в) континуитет на работењето на информациониот систем со формирање на секундарна база на податоци и секундарен компјутерски систем;

г) навремено воспоставување на функциите и пристапот до информации за продолжување на работењето доколку во вонредните околности не е можно непречено работење;

д) постапки за реконструкција на системот во случај на оштетување на системот или пристап од страна на неовластени лица;

ѓ) редовна контрола и ажурирање на основните технички и програмски функции на системот.

(2) Пазарниот оператор е должен при усвојувањето, примената и ажурирањето на мерките за континуитет да ги почитува обврските од овој Правилник кои се однесуваат на барањата за отпорност и капацитет на системите на пазарниот оператор.

## II. Функција на внатрешна контрола

### Опфат на внатрешната контрола

Член 8

Во рамки на функцијата на внатрешна контрола, а притоа имајќи ги предвид видот, обемот и сложеноста на работењето, пазарниот оператор е должен да воспостави функција на внатрешна контрола која е составена од следните функции:

1) функција за следење на усогласеноста на работењето на пазарниот оператор со релевантните прописи;

2) функција за управување со ризици.

### Функција за следење на усогласеноста на работењето со релевантните прописи

Член 9

(1) Пазарниот оператор воспоставува, спроведува и применува соодветни политики и постапки чија цел е идентификување на евентуалниот ризик од неисполнување на обврските кои произлегуваат од Законот, како и на поврзаните ризици и воспоставува соодветни мерки и постапки со цел минимизирање на тие ризици.

(2) Пазарниот оператор воспоставува трајна и ефикасна функција за следење на усогласеноста на работењето на пазарниот оператор со релевантните прописи (во понатамошниот текст: функција за следење на усогласеноста).

(3) Функцијата за следење на усогласеноста е независна функција која ги има следните надлежности:

а) трајно следење и редовна проценка на соодветноста и ефикасноста на мерките, политиките и постапките кои се воспоставени во согласност со став (1) на овој член и преземените активности за отстранување на евентуалните недостатоци во исполнувањето на обврските;

б) проценка и следење на постапките на одлучување и организациската структура од аспект дали на јасен и документиран начин се утврдуваат хиерархијата на известување и доделување на функции и надлежности;

в) проценка и следење на постапките со кои се обезбедува дека релевантните лица се запознаени со сите одредби кои мора да ги почитуваат за правилно извршување на своите должности и одговорности;

г) давање на совети и помош на релевантните лица за потребите на исполнување на обврските на пазарниот оператор кои произлегуваат од Законот;

д) известување на органот на управување и органот на надзор, најмалку еднаш годишно за спроведувањето на функцијата на следење на усогласеност и за утврдените ризици, согласно интерните акти на пазарниот оператор.

(4) Заради постапување согласно став (3) точки а) до г) од овој член, функцијата за следење на усогласеноста спроведува проценка врз основа на која ќе воспостави годишен план за работа, со кој се утврдуваат приоритети условени од проценката на ризикот од неусогласеност со кои се обезбедува сеопфатно следење на ризикот од неусогласеност.

(5) За да се овозможи соодветно и независно извршување на функцијата за следење на усогласеноста, пазарниот оператор треба да го обезбеди исполнувањето на следните услови:

а) функцијата за следење на усогласеноста да има соодветни овластувања, ресурси и компетентност, како и пристап до сите релевантни информации;

б) органот на управување го именува и разрешува лицето кое ја извршува функцијата за следење на усогласеноста, кое е одговорно за вршење на оваа функција и за известување за усогласеност согласно овој Правилник;

в) лицето одговорно за извршување на функцијата за следење на усогласеноста веднаш го известува органот на управување во случај на откривање на значителен ризик од неисполнување на обврските на пазарниот оператор кои произлегуваат од Законот и од подзаконските акти;

г) почитување на правилата за спречување на судир на интереси од релевантните лица кои се вклучени во извршување на функцијата за следење на усогласеноста;

д) методот на определување на платата на релевантните лица кои се вклучени во извршување на функцијата за следење на усогласеноста не ја загрозува нивната објективност, ниту пак е веројатно дека ќе ја загрози.

**Извештај на функцијата за следење**
**на усогласеноста**

Член 10

(1) Лицето одговорно за извршување на функцијата за следење на усогласеноста е должно да изработи и да достави на високото раководство/органот на управување и на лицата кои ја извршуваат надзорната функција, најмалку еднаш годишно извештај за работа на функцијата за следење на усогласеноста, во форма и рокови пропишани со интерните акти на пазарниот оператор, а во согласност со овој член.

(2) Извештајот од став (1) на овој член го содржи најмалку следното:

а) извештај за остварување на годишниот план за работа;

б) список на извршени планирани и вонредни работи;

в) список на планирани, а неизвршени работи и причини за неизвршување на планот;

г) резиме на најважните факти утврдени во извршените контроли, ревизии и/или останати работи;

д) извештај за извршување на предлозите, препораките и мерките за отстранување на неправилности и незаконитости, како и на недостатоците и слабостите утврдени при контролите и причините за нивно неизвршување;

ѕ) општа оцена за усогласеноста на пазарниот оператор со обврските пропишани со Законот и со подзаконските акти донесени од Комисијата.

(3) Извештајот од став (1) на овој член го потпишува лицето именувано за извршување на функцијата за следење на усогласеноста.

(4) Пазарниот оператор е должен да го достави извештајот од став (1) на овој член од Комисијата најдоцна до 31 март во тековната година за претходната година.

**Функција за управување со ризици**

Член 11

(1) Пазарниот оператор е должен, во согласност со член 186 од Законот, да воспостави и применува сеопфатен и ефикасен систем на управување со ризици, соодветно на видот, опфатот и на сложеноста на своите активности.

(2) Системот од став (1) на овој член мора да вклучува:

а) стратегии, политики, постапки и мерки за управување со ризици (стратегија за идентификување и управување со ризиците со изјава за прифатливото ниво на ризик на пазарниот оператор и мерките за прилагодување на проценетите ризици со прифатливото ниво на ризик кое пазарниот оператор е подготвен да ги прифати);

б) организациона шема со дефинирани овластувања и одговорности за управување со ризици и

в) процес на управување со ризици.

(3) Пазарниот оператор е должен да ја следи и оценува соодветноста, сеопфатноста и ефикасноста на донесените стратегии, политики, постапки за управување со ризиците и техниките за мерење на ризикот, како и соодветноста и ефективноста на предвидените мерки за отстранување на недостатоците во стратегиите, политиките и постапките за управување со ризиците, вклучително и пропустите на релевантните лица.

(4) Пазарниот оператор, според потребата а соодветно на видот, опфатот и на сложеноста на своите активности, воспоставува и одржува функција за управување со ризици која е независна и е задолжена за координација на вработените во пазарниот оператор кои учествуваат во системот на управување со ризици согласно член 186 став (8) од Законот.

(5) Функцијата за управување со ризици е должна да изработи и достави на високото раководство/органот на управување и на лицата кои ја извршуваат надзорната функција, најмалку еднаш годишно, извештај за вршење на функцијата на управување со ризици, во кој посебно се наведува дали во случај на евентуални недостатоци се преземени соодветни мерки за нивно отстранување или надминување.

**III. Внатрешна ревизија**

**Функција на внатрешна ревизија**

Член 12

(1) Пазарниот оператор назначува внатрешен ревизор, а според потребата и со оглед на видот, опфатот и на сложеноста на своите активности, воспоставува посебна и независна функција на внатрешна ревизија од останатите функции и активности на пазарниот оператор.

(2) Функцијата на внатрешна ревизија ги има следните надлежности:

а) воспоставување, спроведување и ажурирање на план за ревизија, со цел проверка и надзор на ефикасноста, доверливоста и сигурноста над системите и постапките на пазарниот оператор, вклучително и системот за внатрешна контрола и системот за управување со ризици;

б) давање препораки врз основа на резултатот од извршената ревизија во согласност со точка а) на овој став и вршење проверка на усогласеноста со овие препораки;

в) известување најмалку еднаш годишно на високото раководство/органот на управување и на лицата кои ја извршуваат надзорната функција, за мерките и активностите кои ги презела во форма на годишен извештај за извршена внатрешна ревизија.

(3) Пазарниот оператор може да го довери вршењето на функцијата на внатрешна ревизија на друго лице кое не вршело ревизија на финансиските извештаи на пазарниот оператор ниту пак на пазарниот оператор му давало советодавни услуги во период од три години пред да биде ангажирано како внатрешен ревизор.

(4) Внатрешниот ревизор од став (1) на овој член е должен да изготви ревизорски извештај во писмена форма за секоја извршена ревизија.

(5) Ревизорскиот извештај од став (4) на овој член содржи:

а) вовед, опис на системот/процесот и наоди и препораки.

а) Воведот задолжително ги содржи следните елементи:

а) основ за спроведување на ревизијата;

б) предмет и опфат на ревизијата;

в) цел на ревизијата;

г) краток опис на користената ревизорска методологија;

д) податоци за претходни ревизорски извештаи.

б) Описот на системот/процесот го опишува системот/процесот во моментот на ревизијата.

в) Наодот содржи:

а) проблеми или слабости идентификувани при внатрешната ревизија;

б) причина за проблемот или слабоста;

в) ефект (постојните или потенцијалните последици од проблемот или слабоста, доколку е можно квантифицирани);

г) краток заклучок.

(г) Препораките треба да ги исполнуваат следните услови:

а) да се засновани на сигурни информации;

б) да се однесуваат на причината на проблемите, а не на симптомите;

в) прецизно да опишуваат кои мерки треба да се преземат;

г) да бидат јасни, концизни, едноставни и остварливи и

д) да содржат предлог кој треба да е одговорен за преземање на активностите.

## IV. Водење на евиденција и документација за внатрешната организација и работењето на пазарниот оператор

### Документација за внатрешната организација и работењето на пазарниот оператор

Член 13

(1) Пазарниот оператор е должен да ја води следната документација за внатрешната организација и своето работење:

1) документација за промена на податоци за пазарниот оператор кои се запишуваат во трговскиот регистар, со одлука и тековна состојба;

2) документација за промена во сопственичката структура на пазарниот оператор;

3) документи од одржано собрание на акционери (дневен ред, изготвен записник со прилог сите донесени одлуки на собранието);

4) записник од состанок на надзорен одбор односно органот на управување со одлуките и со целосниот дневен ред од одржаната седница;

5) договори за вработување или други акти со кој се ангажира работник;

6) договори или одлуки за ангажирање на соработници / договори на дело кои се поврзани со остварувањето на дејноста/функциите на пазарниот оператор;

7) документација за престанок на работен однос на вработен или за престанување на ангажирање на работник;

8) договор за закуп/доказ за сопственост на деловниот простор во кој се извршува дејноста;

9) договор за вршење на ревизија;

10) договор за вршење на внатрешна ревизија;

11) извештај од извршена внатрешна ревизија;

12) извештај од независен ревизор со ревидирани финансиски извештаи и белешки;

13) договори со правни/физички лица кои вршат услуги на одржување на софтверска/хардверска опрема;

14) правилата на пазарниот оператор и нивните промени;

15) договори за соработка со други домашни/странски институции;

16) договор за дистрибуција на податоци склучен со правно лице;

17) одлуки донесени врз основа на  правилата на пазарниот оператор;

18) програма за работа;

19) податоци за прием во членство и пристап до регулираниот пазар, престанок на членството, стекнување и престанок на статусот членка на регулираниот пазар;

20) податоци за прием на тргување и одбивање на прием на финансиски инструменти на регулираниот пазар;

21) документација од редовната проверка на исполнување на условите за прием на финансиски инструменти на регулираниот пазар од страна на финансиските инструменти и издавачите кои се примени за тргување на регулираниот пазар;

22) записници од спроведени контроли на членките на регулираниот пазар.

(2) Пазарниот оператор е должен да води евиденција за трансакциите со финансиски инструменти кои се примени за тргување на регулираниот пазар, како и за други активности на регулираниот пазар.

(3) Пазарниот оператор е должен да ја чува целокупната документација и евиденција за сите трансакции со финансиските инструменти кои се примени за тргување на регулиран пазар најмалку 5 години по истекот на деловната година на која се однесуваат тие податоци.

(4) Пазарниот оператор е должен да ја чува деловната документација со која се уредени меѓусебните права и обврски на пазарниот оператор и членките на регулираниот пазар најмалку 5 години по истекот на деловната година во која настапил престанок на членството на регулираниот пазар.

(5) Пазарниот оператор е должен да води евиденција од член 14  став (6) од овој Правилник и истата да ја чува најмалку пет години.

(6) Пазарниот оператор е должен да води евиденција за политиките и за механизмите од член 21  став (3) од овој Правилник и истата да ја чува најмалку пет години.

(7) Пазарниот оператор е должен да води и да чува евиденција за правилата и за параметрите на механизмите за управување со волатилноста од член 22  од овој Правилник и сите нивни промени, како и евиденција за работењето, управувањето и за надградбата на овие механизми.

(8) За целите на вршење на надзорните активности на Комисијата,пазарниот оператор ја доставува целокупната документација пропишана со овој член.

(9) Пазарниот оператор е должен да ја чува евиденцијата и деловната документација во рок подолг од роковите од ставовите (3), (4), (5), (6) и (7) на овој член, доколку е потребно заради спроведување на надзор или водење на судски спор.

(10) Пазарниот оператор е должен, по одземањето на одобрението за работа и бришењето од Регистарот на пазарни оператори, целокупната документација и евиденција кои е должен да ги чува да ги предаде во архив согласно законот со кој се уредува архивското работење и да и достави потврда за предавањето на Комисијата пред уписот на оваа промена во Централниот регистар.

## V. Барања за отпорност и капацитет на системот за тргување

### Проверка на членките на регулираниот пазар од страна на пазарниот оператор

Член 14

(1) Пазарниот оператор утврдува услови во согласност со кои членките на регулираниот пазар го употребуваат електронскиот систем за тргување. Тие услови се утврдуваат водејќи сметка за моделот на тргување на регулираниот пазар и го опфаќаат најмалку следното:

а) контрола на цените, количините и вредностите на налозите и употребата на системот пред тргување, како и контрола по тргувањето на трговските активности на членките;

б) потребни квалификации за лицата кои имаат значајни позиции во членките и

в) тестирање на техничката и функционална усогласеност со членките.

(2) Пазарниот оператор спроведува длабинска анализа на потенцијалните членки на регулираниот пазар во однос на условите од став (1) на овој член и утврдува постапка за спроведување на таквата анализа.

(3) Пазарниот оператор еднаш годишно спроведува проценка заснована на ризик на усогласеноста на членките на регулираниот пазар со условите од став (1) на овој член. При проценката заснована на ризик во предвид се зема обемот и можниот ефект од тргувањето на секоја членка, како и периодот кој поминал од последната проценка на членката заснована на ризик.

(4) По спроведувањето на годишната проценка од став (3) на овој член, пазарниот оператор по потреба спроведува и дополнителна проценка на усогласеноста на членките на регулираниот пазар со условите од став (1) на овој член.

(5) Пазарниот оператор утврдува критериуми и постапки за изрекување на мерки спрема членките кои не ги почитуваат условите од став (1) на овој член, кои вклучуваат забрана за пристап до системот за тргување и за губење на членството.

(6) Пазарниот оператор е должен најмалку 5 години да ја чува евиденцијата за:

а) условите и постапките за длабинска анализа;

б) критериумите и постапките за изрекување на мерки;

в) почетната длабинска анализа на членките на регулираниот пазар;

г) годишната проценка на членките на регулираниот пазар заснована на ризик;

д) членките на регулираниот пазар кои не ја поминале успешно годишната проценка заснована на ризик и мерките кои им се изречени на тие членки.

### Тестирање на системот за тргување

Член 15

(1) Пред воведување или надградба на системот за тргување, пазарниот оператор користи јасно дефинирана методологија за развој и за тестирање со која се обезбедува следното:

а) системите за тргување не се однесуваат на несоодветен и непланиран начин;

б) контролата на усогласеноста и на управувањето со ризиците вградени во системот функционираат на планираниот начин, вклучувајќи и автоматско генерирање извештај за настаната грешка;

в) системот за тргување може да продолжи ефикасно да функционира во случај на значајно зголемување на бројот на пораки со кои управува тој систем.

(2) Пазарниот оператор мора да докаже дека ги презел сите разумни мерки како би се избегнало системите за тргување да придонесат за вонредни услови на тргување.

(3) Пазарниот оператор е должен да состави извештај за тестирањето од став (1) од овој член и истиот да го достави до Комисијата.

**Капацитет на регулираниот пазар**

Член 16

(1) Пазарниот оператор обезбедува дека системите за тргување на регулираниот пазар имаат доволен капацитет за извршување на функциите без испади, прекини или грешки во системите при склучување на трансакциите најмалку при најголемиот број на пораки во секунда кој е евидентиран во тој систем во период од последните пет години помножено со 2.

(2) При утврдување на најголемиот број на пораки предвид се земаат следните пораки:

а) сите влезни пораки, вклучувајќи ги налозите и нивната промена или повлекување;

б) сите излезни пораки, вклучувајќи одговор на системот на влезна порака, приказ на податоците од книгата на налози и дисеминација на пост-трговскиот тек, што подразбира самостојна употреба на капацитетите на системите за тргување.

(3) Пазарниот оператор веднаш и без одлагање ги објавува сите значајни прекини на тргувањето кои не се резултат на волатилноста на пазарот или други значајни прекини на врските и за тоа ги известува Комисијата и членките.

**Континуирано следење**

Член 17

(1) Пазарниот оператор е должен во секој момент да и докаже на Комисијата дека во реално време врши следење на работата и на користењето на елементите на системите за тргување од член 16 став (2) од овој Правилник во однос на следните параметри:

а) процент од максималниот капацитет на сите пораки во секунда;

б) вкупниот број на пораки кои се реализираат во системите за тргување, расчленето по елементи на системите за тргување, вклучувајќи:

- број на примени пораки во секунда;
- број на пратени пораки во секунда;
- број на пораки кои се одбиени од системите за тргување во секунда;

в) временскиот период помеѓу примање порака во која било надворешна порта на системите за тргување и испраќање поврзана порака од истата порта по обработката на оригиналната порака од страна на системот за мечирање.

(2) Пазарниот оператор ги презема, што е можно поскоро и согласно приоритет, сите соодветни мерки во врска со сите проблеми идентификувани во системите за тргување за време на континуираното следење, а доколку е неопходно може и да ги приспособи, ограничи или исклучи системите за тргување.

**Механизми за континуитет на работењето**

Член 18

(1) Пазарниот оператор е должен во секое време да може да докаже дека системите за тргување имаат доволна стабилност како резултат на ефективни механизми за континуитет на работењето со кои се решаваат инциденти кои предизвикуваат прекин во работењето.

(2) Механизмите за континуитет на работењето обезбедуваат тргувањето да може да продолжи во рок или блиску до 24 часа по инцидентот кој предизвикал прекин и дека најголемата количина на податоци што може да се изгуби од кој било информационен систем на регулираниот пазар по инцидентот кој предизвикал прекин во работењето е блиску до нула.

**План за континуитет на работењето**

Член 19

(1) Пазарниот оператор усвојува план за континуитет на работењето (во понатамошниот текст: план за континуитет) врз основа на кој се спроведуваат ефикасни механизми за континуитет на работењето.

(2) Врз основа на планот за континуитет од став (1) на овој член се утврдуваат процедури и механизми за управување со инциденти кои предизвикуваат прекини во работењето.

(3) Планот за континуитет од став (1) на овој член го содржи најмалку следното:

а) низа на можни негативни сценарија кои се однесуваат на работењето на системите за тргување, влучувајќи недостапност на системот, вработените лица, деловниот простор, надворешните добавувачи или бази на податоци и губење или промена на критични податоци и документи;

б) постапки кои треба да се следат во случај на настани кои предизвикуваат прекин во работењето;

в) најдолгото време потребно за повторно воспоставување на тргувањето и количината на податоци која може да се изгуби во информациониот систем;

г) постапки за префрлање на системите за тргување на сигурна локација и управување со системите за тргување од таа локација;

д) безбедносна копија на значајните деловни податоци, вклучувајќи ажурирани информации за контактите потребни да се обезбеди комуникација во рамките на пазарниот оператор, помеѓу пазарниот оператор и членките на регулираниот пазар и помеѓу пазарниот оператор и инфраструктурата за утврдување и порамнување;

ѓ) обука на вработените за механизмите за континуитет на работењето;

е) поделба на задачите и воспоставување на посебен тим за безбедносни операции, кој може да реагира веднаш по настанување на инцидентот кој предизвикува прекин на работењето;

ж) континуирана програма на тестирање, вреднување и преиспитување на планот за континуитет, која вклучува постапки за негова измена врз основа на резултатите од таа програма.

(4) Во планот за континуитет од став (1) на овој член е вклучена и синхронизацијата на деловното време од член 191 од Законот, по настанување на инцидентот кој предизвикал прекин на работењето.

(5) Пазарниот оператор обезбедува спроведување и периодично преиспитување на проценката на ефикасноста со која се утврдуваат ризици и последици од прекинот на работењето во случај на значајни измени на деловниот процес, системите за тргување и други материјални околности.

(6) Пазарниот оператор обезбедува дека неговото високо раководство/органот на управување:

а) утврдува јасни цели и стратегии во однос на континуитетот на работењето;

б) доделува соодветни човечки ресурси, како и технолошки и финансиски средства за остварување на целите и на стратегиите од алинеја а) на овој став;

в) го одобрува планот за континуитет и сите негови неопходни измени како резултат на организациски, технолошки и правни промени;

(г) најмалку еднаш годишно е известено за исходот од проценката на влијанието и сите ревизии и наоди кои кои се однесуваат на соодветноста на планот за континуитет;

(д) воспоставува функција за континуитет во работењето во рамки на пазарниот оператор.

**Периодично преиспитување на механизмите за континуитет на работењето**

Член 20

(1) Пазарниот оператор врши проверка врз основа на реални сценарија на функционирањето на планот за континуитет и ја проверува способноста на регулираниот пазар да се опорави од инцидент кој предизвикува прекин во работењето и повторно да се воспостави тргувањето на начин утврден во член 18 став (2) од овој Правилник.

(2) Пазарниот оператор, доколку е потребно, притоа земајќи ги предвид резултатите од периодичното преиспитување од став (1) на овој член, обезбедува преиспитувањето на планот за континуитет и механизмите за континуитет на работењето да го врши независен оценувач или оддел во пазарниот оператор кој не е одговорен за процесот кој е предмет на преиспитување. Резултатите од преиспитувањето се документираат во писмена форма, се чуваат и се доставуваат до високото раководство/органот на управување на пазарниот оператор и до деловните единици вклучени во планот за континуитет.

(3) Пазарниот оператор обезбедува дека со преиспитувањето на планот за континуитет не се нарушува редовното тргување.

(4) Пазарниот оператор ги доставува резултатите од преиспитувањето од став (2) од овој член до Комисијата.

**Спречување на вонредни услови за тргување**

Член 21

(1) Пазарниот оператор треба да ги воспостави најмалку следните механизми за спречување на неуредно тргување и прекршувања на ограничувањата на капацитетот:

а) механизми за управување со волатилноста;

б) контрола пред тргување.

(2) За потребите на став (1) на овој член, пазарниот оператор може:

а) да го суспендира пристапот на членката до системот за тргување на сопствена иницијатива, на барање на таа членка или по барање на овластен депозитар или централната друга договорна страна доколку тоа е предвидено со нејзините правила како и на барање од Комисијата;

б) да ги откаже или поништи трансакциите во случај на неправилно функционирање на механизмите на пазарниот оператор за управување со волатилноста или деловните процеси на системите за тргување.

(3) Пазарниот оператор усвојува политики и механизми во однос на:

а) механизмите за управување со волатилноста во согласност со член 22 од овој Правилник;
б) контроли пред и по тргување кои ги користи пазарниот оператор и контроли пред и по тргување потребни за пристапот на членките на регулираниот пазар до пазарот;
в) обврската на членките да имаат своја функција за исклучување на системот;
г) барања за информации кои се применуваат на членките;
д) суспензија на пристапот;
ѓ) политика за откажување која се однесува на налози и трансакции и која вклучува:
- рокови;
- постапки;
- обврски за известување и транспарентност;
- постапки за решавање на спорови;
- мерки за сведување на погрешните трансакции на најмала можна мера.
(4) Пазарниот оператор е должен да ја чува евиденцијата за политиките и за механизмите од став (3) на овој член согласно член 13 став (6) од овој Правилник.

**Механизми за управување со волатилноста**

Член 22
(1) Пазарниот оператор е должен да обезбеди дека соодветните механизми за автоматски прекин или ограничување на тргувањето ќе бидат функционални во секој момент во текот на работното време.
(2) Пазарниот оператор обезбедува дека:
а) механизмите за прекин или ограничување на тргувањето се испитуваат пред воведувањето и периодично при преиспитувањето на капацитетот и на работата на системите за тргување;
б) се доделуваат информатички и човечки ресурси задолжени за создавање, одржување и за следење на механизмите воведени заради прекин или ограничување на тргувањето;
в) континуирано се следат механизмите за управување со волатилноста.
(3) Пазарниот оператор е должен да обезбеди дека во неговите правила за управување со волатилноста се вклучени постапки за управување со ситуации каде што параметрите мора рачно да се поништат за да се обезбеди уредно тргување.

**Контрола пред и по тргување**

Член 23
(1) Пазарниот оператор ги спроведува следните контроли пред тргувањето приспособени за секој финансиски инструмент со кој се тргува на регулираниот пазар:
а) опсег на цени, при што автоматски се блокираат налозите кои не ги исполнуваат претходно утврдените ценовни параметри на налогот;
б) максимални вредности на налогот, со што автоматски се спречува во книгата на налози да се внесат налози кои имаат необично голема вредност во споредба со определената вредност по финансиски инструмент;
в) максимална големина на налогот, со што автоматски се спречува во книгата на налози да се внесат налози кои имаат невообичаено големи количини.
(2) Контролите пред тргување од став (1) на овој член се структурирани на начин на кој со нив се обезбедува следново:
а) нивната автоматизирана примена овозможува повторно прилагодување на лимитите во текот на дневното тргување и во сите негови фази;

б ) налогот се одбива во случај да го пречекори лимитот;

в) постојат процедури и механизми за одобрување на налози поголеми од лимитот на барање на членка, кои се применуваат во однос на специфичен налог или група на налози на привремена основа и во исклучителни околности.

(3) Пазарниот оператор може да воспостави контроли по тргување за кои смета дека се соодветни врз основа на проценката на ризикот од активностите на членките на регулираниот пазар.

**Безбедност и ограничување на пристапот**

Член 24

(1) Пазарниот оператор е должен да воспостави постапки и механизми за физичка и за електронска безбедност, чија цел е заштита на неговите системи од злоупотреба и неовластен пристап и обезбедување на интегритетот на податоците кои се дел или поминуваат низ неговиот систем, вклучувајќи механизми со кои се овозможува спречување или минимизирање на ризикот од напад врз информациониот систем.

(2) Пазарниот оператор воспоставува и одржува мерки и механизми за физичка и за електронска безбедност со кои брзо се идентификуваат и спречуваат или минимизираат ризиците во однос на:

а) неовластен пристап до системите за тргување или дел од тие системи, вклучувајќи неовластен пристап до работниот простор и центрите за податоци;

б) нарушувања на системите кои сериозно го нарушуваат или прекинуваат функционирањето на информациониот систем преку внесување, пренос, оштетување, бришење, уништување, менување или прикривање на тие податоци или оневозможување на пристапот до тие податоци;

в) манипулација со податоците, при што податоците во информациониот систем се бришат, оштетуваат, уништуваат, менуваат или прикриваат или се оневозможува пристапот до тие податоци;

г) пресретнување, со употреба на технички средства, на пренос на податоци кој не е јавен спрема информациониот систем, од информациониот систем или во рамките на информациониот систем, вклучувајќи ги и електромагнетните емисии од информациониот систем кој пренесува такви податоци.

(3) Пазарниот оператор веднаш и без одлагање ја известува Комисијата за инциденти на злоупотреба или за неовластен пристап преку доставување на извештај за инцидентот во кој се наведува видот на инцидентот, преземените мерки како одговор на инцидентот и преземени иницијативи со цел избегнување на слични инциденти во иднина.

**VI. Преодни и завршни одредби**

Член 25

(1) Со денот на примена на овој Правилник престанува да важи Правилникот за начинот на водење и одржување на одделни податоци за работењето на берзата („Службен весник на РМ“ бр.75/2008).

(2) Овој Правилник влегува во сила 8 дена од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија, а ќе се применува со денот на почеток на примена на Законот за финансиски инструменти.

Бр. 01-805/1
29 ноември 2024 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
на Република Северна Македонија
Претседател,
м-р **Нора Алити,** с.р.